акција ЗДРУЖЕНСКА

# КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ КАЈ ЖЕНСКИТЕ НВО ВО МАКЕДОНИЈА

**СКОПЈЕ, 2005**

## ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНОТО ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

### Методолошки основи на истражувањето

Иако изразот информациско-комуникациски технологии (ИКТ) е релативно нов во Македонија, ИКТ сѐ повеќе директно се рефлектираат на речиси сите сегменти на општествениот живот. Република Македонија претставува дел од глобално препознатите тенденции на информатичкото општество, и презема низа чекори коишто на еден организиран и систематски начин треба да ја вклучат во глобалните општествени процеси и трансформации. И покрај тоа, во Македонија, досега не е спроведено статистичко испитување кое ќе го одрази родовиот контекст во областа на ИКТ. Во резултатите што се добиени од истражувањето на Институтот „Стратеџик маркетинг", насловено како Употреба, ставови и мислења за ИКТ меѓу граѓаните во Р Македонија, е дадена и поткатегоријата род, што значи дека има показатели и за жените и за мажите, процентуалните резултати се однесуваат само на бројот на жените или на мажите испитаници, но не и на вкупниот број испитаници, т.е. на истражувачкиот примерок кој изнесува околу 1325 испитаници. Она што следува е статистичката анализа на тоа истражување, со тоа што е анализиран процентот на жените и на мажите од вкупниот број испитаници. На тој начин се добиени резултати кои пореално ја изразуваат родовата димензија на ИКТ. Во рамките на истото истражување за Користењето на информатичките и комуникациските технологии во граѓанскиот сектор во РМ беше опфатена опремата која организациите ја користат и нивните погледи на развојот и употребата на ИКТ во земјата. Беше опфатена 161 граѓанска организација (НВО) од кои 13 НВО беа женски организации.Па сепак, ваквиот маневар не е доволен. Потребно е целосно родово статистичко испитување на родовите карактеристики во ИКТ-областа, коешто ќе послужи за поефикасно планирање и спроведување на ИКТ-политиките и активностите.

Во Македонија работат голем број женски невладини организации и тие претставуваат врска меѓу жените, како поединки, и граѓанското

општество, а воедно ги застапуваат интересите на целокупната женска популација. Од тие причини, наша претпоставка беше дека женските организации ја отсликуваат реалната состојба во којашто се наоѓаат жените во однос на ИКТ.

Ова истражување за состојбата на жените во однос на ИКТ е реализирано од повеќе причини . Прво, и покрај постојните истражувања за застапеноста на ИКТ, од теренот не добивме речиси никакви веродостојни податоци кои ја вклучуваат родовата компонента. Второ, долгогодишното искуство во работењето со женските организации покажува дека состојбата на ова поле е мошне лоша и дека жените живеат во своевиден информативен мрак.

Здружението на граѓани *Акција Здруженска* - чијашто мисија е јакнење и развој на женското движење во Македонија, во однос на човековите права на жените и прашањата за родовата еднаквост - како дел од регионалниот проект Women information technology transfer (WITT), www.witt-project.net спроведе мини-истражување во периодот од Октомври – Декември 2004 година, чијашто примарна цел беше да се одреди нивото на познавање и користење на ИКТ од страна на женските невладини организации во РМ и да се утврди потребата од развивање програми за подобрување на моменталната состојбата.

**Поединечни цели на истражувањето:**

- Утврдување на степенот на техничката опременост и на нивото на знаења и вештини за користење на ИКТ од страна на ЖНВО;

- Утврдување на можностите за пристап и начинот на користење на Интернет од страна на ЖНВО, и

- Согледување на потребите за развивање едукативни програми за зајакнување на женските организации со нови знаења и вештини за ИКТ.

Одбраниот метод за собирање податоци за ова истражување е анкетата, со којашто беа опфатени 52 претставнички од 52 женски невладини организации кои дејствуваат на територијата на Република Македонија. Изработката на Прашалникот, како основно средство за прибирање на релевантните податоци, беше една од најсложените задачи во текот на истражувањето. Основните цели на оваа анкета произлегуваат од целите на самото истражување. Прашалникот опфати лични податоци на испитаничките, прашања во врска со нивната позиција во ЖНВО, како и нивно мислење за познавањето и користењето на ИКТ, со цел да се утврди колкава е потребата од развивање програми за подобрување на знаењата и вештините на членките на ЖНВО.

Како резултат на ова истражување е добиен примерок со следниве карактеристики:

**Место**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Штип | 4 | 7,7 |
| Кочани | 1 | 1,9 |
| Скопје | 4 | 7,7 |
| Гевгелија | 2 | 3,8 |
| Струмица | 3 | 5,8 |
| Куманово | 8 | 15,4 |
| Гостивар | 2 | 3,8 |
| Свети Николе | 3 | 5,8 |
| Струга | 4 | 7,7 |
| с. Ранковце | 1 | 1,9 |
| Кратово | 1 | 1,9 |
| Крива Паланка | 3 | 5,8 |
| с. Другово | 2 | 3,8 |
| Кичево | 2 | 3,8 |
| Кавадарци | 2 | 3,8 |
| Дебар | 2 | 3,8 |

| | | |
|---|---|---|
| Пробиштип | 2 | 3,8 |
| Битола | 2 | 3,8 |
| Берово | 1 | 1,9 |
| Валандово | 1 | 1,9 |
| Македонска Каменица | 1 | 1,9 |
| Радовиш | 1 | 1,9 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Возраст**

| | Фреквен-ција | Процент |
|---|---|---|
| под 18 | 1 | 1,9 |
| 18-25 | 7 | 13,5 |
| 26-35 | 15 | 28,9 |
| 36-45 | 14 | 26,9 |
| 46+ | 15 | 28,8 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Образование**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Средно | 18 | 34,6 |
| Повисоко (вишо, високо, м-р, д-р) | 34 | 65,4 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Позиција во организацијата**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Заменик-директор, потпретседател | 5 | 9,6 |
| Претседател | 20 | 38,5 |

| | | |
|---|---|---|
| Член | 10 | 19,2 |
| Координатор | 4 | 7,7 |
| Асистент на програма | 2 | 3,8 |
| Технички асистент | 5 | 9,6 |
| Сметководител | 1 | 1,9 |
| PR | 1 | 1,9 |
| Без одговор | 1 | 1,9 |
| Член на УО | 3 | 5,8 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

## *АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СПРОВЕДЕНОТО ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ*

Во врска со прашањата: колку често користите компјутер; колку компјутери имаат во вашата НВО и колку членки од вашата НВО знаат да ракуваат со компјутер и користат компјутер во текот на работата, ги добивме следните податоци:

**Колку често користите компјутер?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Неколкупати дневно | 29 | 55,8 |
| Неколкупати неделно | 10 | 19,2 |
| Неколкупати месечно | 8 | 15,4 |
| Не користам компјутер | 5 | 9,6 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Колку компјутери има во вашата НВО?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Ниту еден | 20 | 38,5 |
| 1 | 15 | 28,9 |
| 2-3 | 10 | 19,2 |
| 4-5 | 2 | 3,8 |
| Повеќе од 5 | 5 | 9,6 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Колку активни членки има вашата НВО?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| 1-5 | 26 | 50,0 |
| 6-15 | 17 | 32,7 |
| 16-30 | 4 | 7,7 |
| Повеќе од 30 | 2 | 3,8 |
| Не знае | 3 | 5,8 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Колку членки на вашата НВО знаат да ракуваат со компјутер и користат компјутер во текот на работата?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| 0 -5 | 33 | 63,4 |
| 6-15 | 12 | 23,1 |
| 16-30 | 1 | 1,9 |
| Над 30 | 1 | 1,9 |
| Не знае | 5 | 9,6 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

Половина од испитаничките, односно 55,8%, секојдневно користат компјутер. 9,8%, пак, воопшто не користат компјутер. Ова укажува на фактот дека женските невладини организации, поради природата на нивната работа, имаат голема потреба од познавања од ИК,

Што се однесува до тоа со колку компјутери располагаат ЖНВО, истражувањето покажа дека состојбата е мошне лоша, бидејќи најголем процент од ЖНВО, односно 38,5%, немаат ниту еден компјутер, дел од нив располагаат со еден компјутер (28,9%), додека бројот на ЖНВО кои располагаат со 3 или повеќе компјутери е значително помал. Ова укажува на фактот дека најголем број од членките за работа го користат својот сопствен (домашен) компјутер. Исто така, од податоците може да се забележи дека многу мал број од членките на ЖНВО знаат да работат со компјутери и ги користат истите во текот на работата, односно дури 63,4% од ЖНВО имаат од 0 до 5 активни членки.

| | | **Колку активни членки има во вашата НВО?** | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1-5 | 6-15 | 16-30 | Повеќе од 30 | Не знае | |
| **Со колку компјутери располага вашата НВО?** | Ниту еден | 11<br>42,3% | 5<br>29,4% | 1<br>25,0% | 2<br>100,0% | 1<br>33,3% | 20<br>38,5% |
| | 1 | 6<br>23,1% | 7<br>41,2% | 2<br>50,0% | | | 15<br>28,8% |
| | 2-3 | 7<br>26,9% | 2<br>11,8% | | | 1<br>33,3% | 10<br>19,2% |
| | 4-5 | 1<br>3,8% | | | | 1<br>33,3% | 2<br>3,8% |
| | Повеќе од 5 | 1<br>3,8% | 3<br>17,6% | 1<br>25,0% | | | 5<br>9,6% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 26<br>100,0% | 17<br>100,0% | 4<br>100,0% | 2<br>100,0% | 3<br>100,0% | 52<br>100,0% |

| | | **Колку членки на вашата НВО знаат да ракуваат со компјутер и го користат во текот на работата?** | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1-5 | 6-15 | 16-30 | Повеќе од 30 | Не знае | Немаме компју-тери | |
| **Со колку компју-тери располага вашата НВО?** | Ниту еден | 14<br>42,4% | 3<br>25,0% | | | 2<br>50,0% | 1<br>100,0% | 20<br>38,5% |
| | 1 | 11<br>33,3% | 3<br>25,0% | 1<br>100,0% | | | | 15<br>28,8% |
| | 2-3 | 7<br>21,2% | 2<br>16,7% | | | 1<br>25,0% | | 10<br>19,2% |
| | 4-5 | | 1<br>8,3% | | | 1<br>25,0% | | 2<br>3,8% |
| | Повеќе од 5 | 1<br>3,0% | 3<br>25,0% | | 1<br>100,0% | | | 5<br>9,6% |
| Вкупно | | 33<br>100,0% | 12<br>100,0% | 1<br>100,0% | 1<br>100,0% | 4<br>100,0% | 1<br>100,0% | 52<br>100,0% |

Бројот на активни членки на ЖНВО кои користат компјутери не кореспондира со бројот на компјутери со коишто располагаат ЖНВО. Имено, бројот на членки кои користат компјутер е поголем од бројот на компјутери со коишто располагаат ЖНВО. Ова е уште една потврда за слабата техничка опременост на ЖНВО.

| **За што најчесто го користите компјутерот?** | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| За пишување текстови | 48 | 92,3 |

| | | |
|---|---|---|
| За комуникација | 40 | 76,9 |
| За пребарување информации | 38 | 73,1 |
| За забава | 4 | 7,7 |
| За креирање/ажурирање на web страни | 4 | 7,7 |
| За симнување програми | 5 | 9,6 |
| За презентации | 2 | 3,8 |
| За презентации и пропагандни материјали | 1 | 1,9 |

Истражувањето покажа дека компјутерите најчесто се користат за пишување текстови (92,3%), потоа за комуникација (76,9%) и за пребарување информации (73,1%). Процентите се однесуваат на оние испитанички кои знаат да ракуваат со компјутер. Овие податоци укажуваат на недоволно познавање и користење на можностите што ги нудат компјутерите од страна на членките на ЖНВО.

| **За што најчесто го користите компјуте-рот?** | | **Колку често користите компјутер?** | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Неколку-пати дневно** | **Неколку-пати неделно** | **Неколку - пати месечно** | **Не корис-там компју-тер** | |
| За пишување текстови | | 29<br>100,0% | 7<br>70,0% | 8<br>100,0% | 4<br>80,0% | 48<br>92,3% |
| | не | | 3<br>30,0% | | 1<br>20,0% | 4<br>7,7% |
| За комуникација | да | 28<br>96,6% | 7<br>70,0% | 4<br>50,0% | 1<br>20,0% | 40<br>76,9% |
| | не | 1<br>3,4% | 3<br>30,0% | 4<br>50,0% | 4<br>80,0% | 12<br>23,1% |
| За пребарување | да | 25<br>86,2% | 6<br>60,0% | 4<br>50,0% | 3<br>60,0% | 38<br>73,1% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | не | 4<br>13,8% | 4<br>40,0% | 4<br>50,0% | 2<br>40,0% | 14<br>26,9% |
| За забава | да | 1<br>3,4% | 3<br>30,0% | | | 4<br>7,7% |
| | не | 28<br>96,6% | 7<br>70,0% | 8<br>100,0% | 5<br>100,0% | 48<br>92,3% |
| За креирање/ ажурирање web страни | да | 3<br>10,3% | | | 1<br>20,0% | 4<br>7,7% |
| | не | 26<br>89,7% | 10<br>100,0% | 8<br>100,0% | 4<br>80,0% | 48<br>92,3% |
| За симнување програми | да | 4<br>13,8% | | 1<br>12,5% | | 5<br>9,6% |
| | не | 25<br>86,2% | 10<br>100,0% | 7<br>87,5% | 5<br>100,0% | 47<br>90,4% |

Од горната табела може да се забележи дека еден дел од испитаничките кои одговориле дека не користат компјутер (9 испитанички, или 17,3%), на прашањето: „За што најчесто го користите компјутерот?" во одреден процент (во зависност од тоа за што го користат, на пр. за пишување текстови - 80% или за комуникација - 20%) дале потврден одговор. Овие одговори не треба да се земат како валидни поради нивната нелогичност, а она што може да се заклучи е дека некои од испитаничките се чувствуваат непријатно и се срамат поради тоа што не знаат да ракуваат со компјутери и не ги користат во текот на работата. Овој податок укажува на тоа дека членките на ЖНВО немаат доволно знаења и вештини од областа на ИКТ, а свеста за неопходната потреба од поголеми знаења од областа на ИКТ е причина за неискреноста при одговарањето на дел од прашањата од оваа анкета, пред сè на оние кои се однесуваат на нивните вештини од оваа област.

| **Кои компјутерски програми најчесто ги користите?** | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Word | 48 | 92,3 |

| | | |
|---|---|---|
| Excel | 33 | 63,5 |
| Internet Explorer | 38 | 73,1 |
| Outlook Express | 15 | 28,8 |
| За работа со слики | 7 | 13,5 |
| Аудиопрограми / видеопрограми | 5 | 9,6 |
| Игри | 3 | 5,8 |
| Corel Draw | 1 | 1,9 |
| Power Point | 3 | 5,8 |

| **Кои компјутерски програми најчесто ги користите?** | | **Колку често користите компјутер?** | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Неколку пати дневно** | **Неколку пати неделно** | **Неколку пати месечно** | **Не користам компјутер** | |
| Word | да | 29<br>100,0% | 9<br>90,0% | 7<br>87,5% | 3<br>60,0% | 48<br>92,3% |
| | не | | 1<br>10,0% | 1<br>12,5% | 2<br>40,0% | 4<br>7,7% |
| Excel | да | 25<br>86,2% | 3<br>30,0% | 3<br>37,5% | 2<br>40,0% | 33<br>63,5% |
| | не | 4<br>13,8% | 7<br>70,0% | 5<br>62,5% | 3<br>60,0% | 19<br>36,5% |
| Internet Explorer | да | 27<br>93,1% | 7<br>70,0% | 3<br>37,5% | 1<br>20,0% | 38<br>73,1% |
| | не | 2<br>6,9% | 3<br>30,0% | 5<br>62,5% | 4<br>80,0% | 14<br>26,9% |
| Outlook Express | да | 15<br>51,7% | | | | 15<br>28,8% |
| | не | 14<br>48,3% | 10<br>100,0% | 8<br>100,0% | 5<br>100,0% | 37<br>71,2% |
| Работа со слики | да | 6<br>20,7% | 1<br>10,0% | | | 7<br>13,5% |
| | не | 23<br>79,3% | 9<br>90,0% | 8<br>100,0% | 5<br>100,0% | 45<br>86,5% |
| Аудиопрограми/ видеопрограми | да | 3<br>10,3% | 1<br>10,0% | | 1<br>20,0% | 5<br>9,6% |
| | не | 26<br>89,7% | 9<br>90,0% | 8<br>100,0% | 4<br>80,0% | 47<br>90,4% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Игри | да | 1<br>3,4% | | 2<br>25,0% | | 3<br>5,8% |
| | не | 28<br>96,6% | 10<br>100,0% | 6<br>75,0% | 5<br>100,0% | 49<br>94,2% |

И овие податоци одат во прилог на претходните. Најчесто користен програм од страна на испитаничките кои користат компјутер е Word (92,3%), а по него следува Internet Explorer, со 73,1%.

И овде може да се забележи дека дел од испитаничките кои одговориле дека не користат компјутер, потоа наведуваат дека најчесто се служат со некои од понудените програми (Word 60%; Excel 40%, Интернет 20%, аудио/видеопрограми 20%). Длабинската анализа покажа дека две од овие испитанички (3,9%) имаат посетувано курс за компјутери, каде што научиле да ги користат програмите Word и Excel. Она што може да се заклучи е дека тие имаат пасивни знаења за овие два програма, кои не ги искористиле во практиката.

Во врска со начинот на разменување информации со другите НВО, фондации и сл., најчесто се користи телефонот (94,2%) и личните контакти (82,7%). Значително е помал процентот на комуникацијата со примена на компјутер.

| **Како комуницирате, односно како разменувате информации со другите НВО, фондации и сл.** | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Телефон | 49 | 94,2 |
| Лични контакти | 43 | 82,7 |
| Електронски и печатени медиуми | 10 | 19,2 |
| e-mail | 36 | 69,2 |
| Форуми | 5 | 9,6 |
| Mailing листи | 4 | 7,7 |
| web страни | 8 | 15,4 |

**Кој тип Интернет пристап го користите?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Dial up | 22 | 42,3 |
| Network provider/LAN/ | 4 | 7,7 |
| Кабелски интернет | 1 | 1,9 |
| Изнајмена линија | 1 | 1,9 |
| ADSL | 3 | 5,8 |
| Немаме пристап до Интернет | 21 | 40,4 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

Следното прашање е во врска со познавањето на одредени термини кои се среќаваат при примената на Интернет. Податоците покажуваат дека 15,4% од испитаничките знаат што значат овие четири термини, 11,5% не знаат што значи ниту еден од понудените термини. Најголем број од нив (73,1%) имаат делумно познавање. Значи, најголем дел од членките на ЖНВО се запознати со значењето на поимите e-mail и www и ги користат истите.

**Дали сте запознаени со термините: e-mail, www, forum, mailing-листа**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 8 | 15,4 |
| Не | 6 | 11,5 |
| Делумно | 38 | 73,1 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

| **Дали ги користите овие алатки?** | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| e-mail | 42 | 80,8 |
| www | 36 | 69,2 |
| forum | 5 | 9,6 |
| Mailing-листа | 13 | 25,0 |

**Позиција во организацијата * Дали сте запознаени со термините: e-mail, www, forum, mailing листа**

Вкрстена табела

| | | Дали сте запознаени со термините: e-mail, www, forum, mailing-листа? | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | да | не | делумно | |
| **Позиција во организа-цијата** | Заменик-директор, Потпретседател | 1<br>12,5% | | 4<br>10,5% | 5<br>9,6% |
| | Претседател | 1<br>12,5% | 5<br>83,3% | 14<br>36,8% | 20<br>38,5% |
| | Член | 2<br>25,0% | 1<br>16,7% | 7<br>18,4% | 10<br>19,2% |
| | Координатор | 1<br>12,5% | | 3<br>7,9% | 4<br>7,7% |
| | Асистент на програм | 1<br>12,5% | | 1<br>2,6% | 2<br>3,8% |
| | Технички асистент | 2<br>25,0% | | 3<br>7,9% | 5<br>9,6% |
| | Сметководител | | | 1<br>2,6% | 1<br>1,9% |
| | PR | | | 1<br>2,6% | 1<br>1,9% |
| | Без одговор | | | 1<br>2,6% | 1<br>1,9% |
| | Член на УО | | | 3<br>7,9% | 3<br>5,8% |
| Вкупно | | 8<br>100,0% | 6<br>100,0% | 38<br>100,0% | 52<br>100,0% |

Најголем број од испитаничките имаат е-маил адреса (78,8%). Она што можеше да се забележи е дека дел од оние кои се изјасниле дека имаат е-маил адреса одбиле да ја напишат (или пак за своја сопствена адреса ја сметаат е-маил адресата на невладината организација) и да одговорат на прашањето колку често ја користат истата. Овој податок покажува дека еден дел од нив (од оние кои одговориле дека имаат сопствена адреса) всушност немаат своја е-маил адреса, односно не знаат како се користи истата. Ова е уште еден податок што покажува дека членките на ЖНВО не се доволно свесни за предностите што ги нудат овие ИК технологии.

**Дали имате е-маил адреса?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| да | 41 | 78,8 |
| не | 11 | 21,2 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Колку често ја користите?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Секојдневно | 22 | 42,3 |
| Неколкупати неделно | 11 | 21,2 |
| Неколкупати месечно | 5 | 9,6 |
| Немам е-маил адреса | 11 | 21,2 |
| Без одговор | 3 | 5,8 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Зошто немате е-маил адреса?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Без одговор | 47 | 90,4 |
| Немаме финансии за Интернет | 1 | 3,8 |
| Немаме компјутер | 3 | 5,8 |
| Немаме просторија каде што ќе го | 1 | 1,9 |

| | | |
|---|---|---|
| сместиме компјутерот | | |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

| **За што го користите Интернетот?** | Фреквенција | Процент | Без одговор | Процент |
|---|---|---|---|---|
| За комуникација | 43 | 82,7 | 9 | 17,3 |
| За пребарување информации | 40 | 76,9 | 12 | 23,1 |
| За комуникација со целните групи и со партнерите | 32 | 61,5 | 20 | 38,5 |
| За промовирање и за рекламирање на иницијативите и на активностите на НВО | 23 | 44,2 | 29 | 55,8 |
| За кампањи | 5 | 9,6 | 47 | 90,4 |
| За забава | 8 | 15,4 | 44 | |
| Како алтернативен медиум | 5 | 9,6 | 47 | 90,4 |
| Не користиме Интернет | 3 | 5,8 | 49 | 84,6 |
| Немаме пари, користиме Интернет на факултетите | 1 | 1,9 | 51 | 98,1 |
| За следење на тековните конкурси | 1 | 1,9 | 51 | 98,1 |

**Со колку компјутери располага вашата НВО? За што го користите Интернетот?**

| **За што го користите Интернетот?** | **Ниту еден** | **1** | **2-3** | **4-5** | **Повеќе од 5** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| За комуникација | 13<br>30,2% | 13<br>30,2% | 10<br>23,3% | 2<br>4,7% | 5<br>11,6% |
| За пребарувње информации | 13<br>32,5% | 12<br>30% | 9<br>22,5 | 2<br>5% | 4<br>10% |
| За комуникација со целните групи и со партнерите | 8<br>25% | 10<br>31,3% | 8<br>25% | 1<br>3,1% | 5<br>15,6% |
| За промовирање и за рекламирање на иницијативите и активностите на НВО | 5<br>21,7% | 6<br>26,1% | 6<br>26,1% | 1<br>4,4% | 5<br>21,7% |
| За кампањи | 1<br>20% | 2<br>40% | | | 2<br>40% |
| За забава | 1<br>12,5% | 2<br>25% | 3<br>37,5% | 1<br>12,5% | 1<br>12,5% |
| Како алтернативен медиум | | | 3<br>60% | 1<br>20% | 1<br>20% |

7,7% од женските невладини организации воопшто немаат Интернет пристап. Оние кои имаат пристап до Интернет во нивната НВО или се служат со домашниот, најчесто го користат Интернетот за комуникација (87,2%) и за пребарување информации (76,9%).
Ова уште еднаш го потврдува фактот за лошата состојба на ЖНВО во поглед на техничката опременост.

Поголемиот број женски невладини организации немаат своја web страна (76,9%), а 63,5% од нив би сакале да имаат. Во најголем број случаи, оние кои имаат своја web страна, платиле професионален дизајнер за креирање на web страна (13,5%), додека кај 7,7% од ЖНВО web страната ја изработил некој нивни член.

**Дали вашата НВО има своја web страна?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 12 | 23,1 |
| Не, но би сакале да имаме | 33 | 63,5 |
| Не, немаме | 7 | 13,5 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Зошто немате своја web страна?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Без одговор | 49 | 94,2 |
| Користиме заедничка web страна со други НВО | 1 | 1,9 |
| Немаме компјутер | 1 | 1,9 |
| Порано имавме | 1 | 1,9 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Ако имате, кој ја дизајнираше вашата web страна?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Член на организацијата | 4 | 7,7 |
| Професионален дизајнер | 7 | 13,5 |
| Друго | 1 | 1,9 |
| Немаме web страна | 40 | 76,9 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Колку често ја ажурирате web страната?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Еднаш месечно | 1 | 1,9 |
| На неколку месеци | 5 | 9,6 |
| Немаме web страна | 40 | 76,9 |
| Не знам | 2 | 3,8 |
| Еднаш годишно | 4 | 7,7 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

Што се однесува до ажурирањето на web страната на ЖНВО, податоците од истражувањето покажуваат дека тие се ажурираат мошне ретко. Само 1,9% од испитаничките се изјасниле дека нивната web страна се ажурира еднаш месечно. 9,6% од ЖНВО ја ажурираат web страната еднаш на неколку месеци, а 7,7% ја ажурираат еднаш годишно. Преостанатите 76,9% воопшто немаат web страна. Овој податок укажува на потребата од поголеми знаења од областа на дизајнирањето и ажурирањето на web страните.

**Кој оперативен систем го користите?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| MS Windows | 43 | 82,7 |
| Што значи оперативен систем? | 2 | 3,8 |
| Без одговор | 7 | 13,5 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Дали некогаш сте користеле слободен софтвер?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 9 | 17,3 |
| Не | 39 | 75,0 |
| Без одговор | 4 | 7,7 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

75% од испитаничките одговориле дека до тој момент не користеле слободен софтвер. Дел од нив (7,7%) не одговориле на ова прашање, што покажува дека испитаничките не се воопшто запознати со овој термин. Одговорот на ова може да се добие преку следново прашање:

**Што значи според вас „слободен софтвер“?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Бесплатен софтвер | 9 | 17,3 |

| | | |
|---|---|---|
| Софтвер што може слободно да се дистрибуира, копира, менува | 9 | 17,3 |
| Не знам | 34 | 65,4 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

65% од испитаничките одговориле дека не знаат што значи терминот *„слободен софтвер“*. Меѓутоа, на следното праш*ање („Поради кои причини би користеле слободен софтвер“?)* дури 71,2% од испитаничките не дале свој одговор. Ова би можело да значи дека бројот на оние кои не знаат што значи овој термин, реално, е уште поголем.

**Поради кои причини би користеле слободен софтвер?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Без одговор | 37 | 71,2 |
| Затоа што е достапен, слободно се дистрибуира и е бесплатен | 1 | 1,9 |
| Од финансиски причини и заради разонода | 1 | 1,9 |
| Кога би знаела за неговата улога, би можела да ви одговорам | | 1,9 |
| Научување и користење | 1 | 1,9 |
| Не сум запознаена со значењето на овие термини | 1 | 1,9 |
| Не знам, од многу причини | 1 | 1,9 |
| Не знам, потребна ми е обука | 1 | 1,9 |
| Остатокот бара финансии за лиценцирање | 1 | 1,9 |
| Затоа што овозможува подобра комуникација | 1 | 1,9 |
| Затоа што овозможува полесен и побрз начин за пристап и симнување податоци | 3 | 5,8 |
| Поради високите цени на платените верзии | 1 | 1,9 |
| За прибирање и дистрибуција на информации | 1 | 1,9 |
| За прибирање податоци, бесплатен Интернет | 1 | 1,9 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

На прашањето од отворен тип: „*Поради кои причини би користеле слободен софтвер*", дел од одговорите на испитаничките повторно покажуваат непознавање на тоа што претставува слободен софтвер, така што некои одговараат „Затоа што овозможува полесен и побрз начин за пристап и симнување податоци"; „Затоа што овозможува подобра комуникација" и сл.

**Дали плативте за софтверските програми што ги користите на вашиот компјутер?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 8 | 15,4 |
| Не | 13 | 25,0 |
| Не знам | 23 | 44,2 |
| Немаме компјутер | 8 | 15,4 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

Само 15,4% од испитаничките одговориле дека нивната ЖНВО платила за софтверските програми што ги користат. Најголем процент не знаат (44,2%), а 25% одговориле дека немаат платено за истите.

**Дали некогаш сте посетувале курс за компјутери?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| да | 24 | 46,2 |
| не | 27 | 51,9 |
| Без одговор | 1 | 1,9 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

**Кој го организираше?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Без одговор | 40 | 76,9 |
| Факултетот | 2 | 3,8 |

| | | |
|---|---|---|
| ИТ центар - Кавадарци | 1 | 1,9 |
| МЦМС | 1 | 1,9 |
| НВО Гостивар | 1 | 1,9 |
| НВО Совет | 1 | 1,9 |
| ОЗ Гази Баба | 1 | 1,9 |
| Работнички универзитет | 1 | 1,9 |
| Самофинансирање | 1 | 1,9 |
| Сорос | 1 | 1,9 |
| УНДП | 1 | 1,9 |
| Вавилон центар | 1 | 1,9 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

| **Што учевте (кои програми) на курсот?** | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Word | 18 | 34,6 |
| Excel | 13 | 25,0 |
| Internet Explorer | 7 | 13,5 |
| Друго (Power Point, Outlook Express, Access) | 4 | 7,7 |

Само 24 испитанички (46,2%) одговориле дека имаат посетувано некаков курс за компјутери. Најголем број од нив се стекнале со знаења за користење на програмите Word (34,6%), Excel (25%) и употреба на Интернет (13,5%). Познавањето на другите програми од страна на испитаничките е значително помало (7,7%).

| **Доколку имате можност да посетите курс, во кои области би сакале да се едуцирате?** | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Web дизајн | 40 | 76,9 |
| Објавување информации on line | 30 | 57,7 |
| Работење со e-mail | 25 | 48,1 |

| | | |
|---|---|---|
| Општи познавања во врска со компјутерите | 21 | 40,4 |
| Знаења околу хардверскиот дел на компјутерите | 10 | 19,2 |
| Работа со специфични програми | 22 | 42,3 |
| Работа со Интернет | 31 | 59,6 |
| Зачувување и архивирање на информации | 25 | 48,1 |
| Бази на податоци | 1 | 1,9 |

Најголем процент од анкетираните жени изразија желба за едукација од областа на web дизајнот, и тоа 76,9%. Овој податок се совпаѓа со нивната желба за изработка на web страна за нивната невладина организација. 59,6% од нив се заинтересирани за тоа да се обучат за користење на Интернет. 57,7% би сакале да се едуцираат за објавување информации on line. 48,1% од испитаничките се заинтересирани за тоа да стекнат знаења за зачувување и архивирање информации, како и за користење на e-mail. За изучување на специфични програми се заинтересирани 42,3% од испитаничките. 40,4%, пак, сакаат да стекнат општи знаења за работа со компјутери.

| **Според вас, каде би ги искористиле вештините што би ги стекнале во текот на обуката?** | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| На работа | 32 | 61,5 |
| За забава | 5 | 9,6 |
| За почеток на нова кариера | 19 | 36,5 |
| За зголемување на приходот | 7 | 13,5 |
| Во женската НВО каде што сум активен член | 45 | 86,5 |
| За лично надоградување и зголемување на самодовербата | 29 | 55,8 |
| За да можам да ги научам другите како да ги користат | 29 | 55,8 |

Најголем процент од испитаничките се изјасниле дека вештините стекнати на обуката за ИКТ би ги искористиле во женската невладина организација во којашто работат, односно членуваат (86,5%). 61,5% би ги искористиле стекнатите вештини во текот на работата. 55,8% од испитаничките би ги искористиле стекнатите вештини за лично надоградување и за зголемување на самодовербата, како и за подучување на другите. Овие проценти укажуваат на јасната потреба од обука на членките на женските невладини организации, заради стекнување на одредени вештини по ИКТ.

Последното прашање беше од отворен тип, односно ги прашавме испитаничките дали имаат нешто да додадат во врска со оваа анкета. Одговорите одат во прилог на нашата претпоставка, а тоа е дека членките на женските невладини организации имаат потреба од организирани курсеви по ИКТ и дека истите ги сметаат за неопходни во развојот и работата на ЖНВО.

**Дали имате некаков коментар?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Би сакале да учествуваме на обука што ќе ни биде од корист за надградба на знаењата и ќе биде од полза за целото здружение | 1 | 1,9 |
| Сакаме да ја изразиме нашата благодарност | 2 | 3,8 |
| Да се организираат повеќе курсеви за работа со компјутери, за да се искористат сите можности што ги нуди работата со компјутери | 1 | 1,9 |
| Дали можете да набавите компјутери за НВО што немаат компјутери | 1 | 1,9 |
| Изберете нè, дајте и шанса на оваа млада НВО, овозможувајќи и да користи информатичка комуникација | 1 | 1,9 |
| Честопати конкурираме на проекти, но не ни одобруваат | 1 | 1,9 |

| | | |
|---|---|---|
| Малите организации нема да можат да опстанат без финансиска поддршка | 1 | 1,9 |
| На ЖНВО им е навистина потребна обука од ваков вид, бидејќи не се многу запознаени со ИКТ | 1 | 1,9 |
| Нема семинари и обуки од оваа област, а тие се неопходни | 1 | 1,9 |
| Без коментар | 24 | 46,2 |
| Не можеме да работиме со компјутер затоа што немаме компјутер. Јa поздравувам иницијативата | 1 | 1,9 |
| Обуката за работа со компјутер им е неопходна за ЖНВО | 1 | 1,9 |
| Иницијативата за компјутерско едуцирање на членките на НВО е навистина одлична | 1 | 1,9 |
| Овие обуки многу ќе помогнат за јакнење на нашата ЖНВО и за комуникација со другите НВО, Би било добро да се организираат и курсеви по англиски јазик | 1 | 1,9 |
| Поголем број жени да се вклучат на обуките за користење на ИКТ | 1 | 1,9 |
| Поголема поддршка на ЖНВО во руралните средини | 2 | 3,8 |
| Работата со компјутер отвора големи можности и јас ќе бидам навистина среќна ако посетувам обука за работа со компјутер | 1 | 1,9 |
| Сакам да ме примите на обука | 1 | 1,9 |
| Сакаме да има курс за компјутери, за жените од нашата НВО да научат да работат со компјутер | 1 | 1,9 |
| Сѐ беше супер | 1 | 1,9 |
| Се надевам дека преку овој прашалник и познанството со вас ќе ни се отвори вратата кон светот на компјутерите | 1 | 1,9 |
| Се надеваме на идна соработка | 1 | 1,9 |
| Сметам дека секоја членка треба да има одлични | 1 | 1,9 |

| | | |
|---|---|---|
| познавања од работата со компјутери | | |
| Што е можно побргу да се едуцираат членовите на ЖНВО за помасовно користење на компјутерите | 1 | 1,9 |
| Ви благодарам за помошта што ни ја дадовте | 1 | 1,9 |
| Би сакала во најскоро време да започнеме со обука на нашите членки | 1 | 1,9 |
| Воодушевени сме од вашата иницијатива и се надеваме дека и понатаму ќе соработуваме | 1 | 1,9 |
| Вкупно | 52 | 100,0 |

## ЗАКЛУЧОК

Според резултатите добиени од спроведеното теренско истражување, може да се заклучи дека :

- Членките на ЖНВО во текот на нивната работа делумно се служат со компјутери (се разбира, оние кои располагаат со компјутери);
- Што се однесува до техничката опременост, состојбата со ЖНВО е катастрофална. Најголем број од нив не располагаат со ниту еден компјутер;
- Компјутерите најчесто се користат за пишување текстови и за пребарување информации на Интернет, што укажува на недоволната свест за предностите што ги овозможува ИКТ и на недостиг од знаења за можностите што ги нуди ИКТ, како и на сериозната потреба од развивање на едукативни програми за зајакнување на женските организации со знаења и вештини од аспект на ИКТ;
- Дел од испитаничките кои одговориле дека не користат компјутер на натамошните прашања кои се однесуваат на користењето на компјутерските програми, Интернет и сл. дале потврдни одговори, што се коси со нивниот првичен одговор дека не користат

компјутер. Она што може да се заклучи е дека за испитаничките познавањето на ИКТ претставува знаење и вештина кои се неопходни за секој човек кој работи во НВО. Дел од оние кои одговориле дека не користат компјутер, на натамошните прашања го смениле првобитниот одговор, затоа што се чувствувале непријатно. Овој податок само го потврдува нивното мислење дека познавањето на овие вештини е од големо значење за работата на ЖНВО.

- Dial up е најчестиот тип на Интернет пристап. Со оглед на тоа дека најголем број ЖНВО не поседуваат компјутери, може да се заклучи дека станува збор за dial up пристап користен во домашни услови.
- Поголемиот дел од испитаничките покажаа делумни познавања за најосновната примена на Интернетот (e-mail и web страни).
- Поголемиот дел од ЖНВО кои влегоа во примерокот немаат своја web-страна. Најголем дел од оние кои имаат своја web страна, за нејзината изработка ги користеле услугите на професионален дизајнер.
- Во врска со тоа какво знаење би сакале да стекнат во поглед на користењето на компјутерите, испитаничките ги одбрале речиси сите понудени опции, и тоа со доста голем процент (особено web дизајнот), освен опцијата за изучување на хардверот. Ова укажува на потребата женските невладини организации да развијат програма за организирање обуки за изучување на ИКТ;
- Овие знаења би се искористиле во рамките на активностите на ЖНВО - за лично надоградување, за зголемување на самодовербата и за подучување на другите членки на ЖНВО;
- Испитаничките изразија голема желба и подготвеност да учествуваат во овие обуки и, воедно, ја потенцираа потребата и неопходноста од истите.